# „Што имам јас со дуњалукот?! Јас сум на овој свет како патник што накратко се засолнил под сенка од дрво, а потоа го оставил и продолжил понатаму.“

Абдулах бин Месуд, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, еднаш легна да спие на рогоска, па кога стана, на неговиот бок останаа траги од неа. Му рековме: „О Божји пратенику, да ти подготвиме постела?“ Тој одговори: „Што имам јас со дуњалукот?! Јас сум на овој свет како патник што накратко се засолнил под сенка од дрво, а потоа го оставил и продолжил понатаму.“
[صحيح] [رواه الترمذي وابن ماجه]

Абдулах бин Месуд, Аллах нека е задоволен со него, раскажува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, еднаш легнал на мала асура изработена од лисја на растенија, па кога станал, рогоската оставила траги на неговиот бок. Му рековме: „О Божји пратенику, ако ти подготвиме мека постела, ќе ти биде подобро отколку да лежиш на оваа груба рогоска.“ Тој, салаллаху алејхи ве селем, одговори: „Јас немам љубов ниту наклонетост кон дуњалукот за да посакувам нешто од него. Мојот пример и престојот на овој свет е како патник што се засолнил под сенка од дрво, а потоа ја напуштил и продолжил понатаму.“



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee